РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-320/4
07-02-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 100-та седница одржана на 06.02.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката пред ДКСК по предметот оформен по сопствена иницијатива со број 12-3510/1 од 18.07.2023 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Од утврдената фактичка состојба, произлегува дека, постојат основани сомневања за несовесно работење на Членовите на Управниот одбор на Фонд за иновации и технолошки развој, Членовите на Комитетот за одобрување на инвестиции и на Директорот на Фонд за иновации и технолошки развој, заради неисполнување на обврските предвидени Закон за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.79/2013, 137/2013, 41/2014, 44/2015, 6/2016, 53/2016, 190/2016 и 64/2018) и за истото ДКСК одлучи да покрене **Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност** за Членовите на Управниот одбор на Фонд за иновации и технолошки развој, Членовите на Комитетот за одобрување на инвестиции како и постапка за утврдување на одговорност на Директорот на Фонд за иновации и технолошки развој, кои постапувале во периодот по објавениот јавен конкурс за кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст, на кој биле избрани двете компании опфатени во овој предмет.

Поради утврени слабости во примената на членот 68 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/2006, 107/2008, 26/2013, 39/2014, 61/2015 и 226/2015) како и одредбите од склучената Спогодба за заедничка соработка помеѓу Министерството за надворешни работи и Министерството за економија и нејзините измени – Анекс 1 и Анекс 2, ДКСК ќе изврши антикорупциска проверка и за констатираното да биде изработен Извештај.

Поради утврени слабости во примената на одредби од Законот за инивациската дејност како и одредбите од Правилникот за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст, ДКСК ќе изврши антикорупциска проверка и за констатираното да биде изработен Извештај.

За констатираните состојби во работењето на Фондот за иновации и технолошки развој, кои произлегуваат од овој оформен предмет, ДКСК ќе ги извести Државниот завод за ревизија и Министерството за образование и наука како надлежни институции заради преземање на понатамошни надлежни активности.

Предметот со број 12-3510/1 од 18.07.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Државната комисија за спречување на корупцијата, на состанок на колегиум одржан на ден 10.07.2023 година донесе заклучок да се оформи предмет по сопствена иницијатива, по допрен глас, за проверка на наводите објавени во медиуми – „Како фирмите на -------- добиле државна помош и дали била почитувана постапката и како биле издадени дозволите за хидроцентрала. Исто така да се провери и начинот на назначувањето на ----------- за секретар во амбасадата во Брисел и дали била испочитувана постапката".

1.Заради проверка на наводите во оформениот предмет за назначувањето на ------------- а со цел обезбедување на информации и документација во врска со неговото ангажирање за економски промотор врз основа на објавен јавен оглас во 2016 година како и во врска со неговото стекнување со диполматски статус прв секретар во периодот 2022/2023 година, ДКСК се обрати со барање за до Министерството за надворешни работи.

Исто така беше доставено барање и до Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот заради обезбедување на информации во врска со ангажирањето на истото лице за економски промотор во 2016 година.

Агенцијата за странски инвестиции (во понатамошниот текст: Агенцијата) достави одговор, а во прилог ја достави и бараната документација. Од увид во истата може да се констатира Агенцијата на ден 02.09.2016 година имала донесено Одлука за објавување на јавен оглас за прием на 33 (триесет и три) лица на определено време на работно место економски промотер во работен однос на определено време, со број 04-1499/1, врз основа на која истиот ден бил објавен и Јавен оглас.

На ден 20.09.2016 година лицето ------------ имал поднесено апликација до Агенцијата, за споменатиот јавен оглас и во истата наведено е дека се пријавува за функцијата Промотер за странски инвестиций и промоција на извозот на РМ во Кралството Холандија.

Агенцијата на ден 21.09.2016 година има донесено Одлука за изменување и дополнување на одлуката со бр. 04-1499/1 со која се пролонгира рокот за доставување на апликации заклучно со 31.10.2016 година, по што огласот бил повторно објавен.

На ден 28.09.2016 година до Агенцијата бил доставен Извадок од Нацрт-записник од Седумдесетта седница на Владата на РМ, одржана на ден 28.09.2016 година со кој Владата на РМ ја здолжило Агенцијата да го поништи огласот за избор на 33 економски промотори, кој бил објавен на веб страната на Агенцијата на ден 01.09.2016 година.

По ова, Агенцијата доставила Известување до Владата на РМ со кое укажала на запазување на законските одредби и интерните акти како и последиците од постапување по Заклучокот, односно дека економските промотори со договор за вработување за вршење на работа во странство биле вработени на определен период до 31.12.2016 година и дека имајќи ја во предвид постапката и дотогашното инскуство на Агенцијата, истата би требало да трае во период од најмалку два месеци, со што постоела можност доколку биде поништен огласот, постапката по нов оглас да не се заврши навремено.

На ден 19.10.2016 година Агенцијата донела Одлука за изменување на Одлуката со бр. 04-1499/1 од 02.09.2016 година и бр. 04-1499/15 од 21.09.2016 година со која повторно бил пролонгиран рокот на пријавување на заинтересираните кандидати, заклучно со 30.11.2016 година.

По ова, на ден 13.01.2017 година Агенцијата донела Одлука за избор на 20 (дваесет) лица на работното место економски промотор во работен однос на определено време, а меѓу кои под реден број 19 бил избран ------------ за економски промотор во Хаг, Холандија, по што на ден 02.02.2017 година бил склучен Договор за вработување на определено време помеѓу Агенцијата и лицето -------------, со времетраење од 04.02.2017 до 30.06.2017 година.

На ден 27.06.2017 година Агенцијата донела Решение за престанок на работен однос на работникот ----------, со што работниот однос на ова лице престанало да важи заклучно со 30.06.2017 година.

Во периодот од склучувањето на договорот за определено време до донесувањето на Решението за престанок, вработениот ----------- ги извршувал своите задачи во седиштето на Агенцијата, односно не бил упатен на работа во Хаг Холанија и добивал плата во висина на платата на државни службеници, звање советник, односно добивал плата и надоместоци од плата согласно член 27 од Правилникот за работа на економските промотори во странство и утврдување на плати, додатоци на плати и надоместоци по утврдени трошоци за економските промотори во Агенцијата, а како доказ за истото е доставена Потврда и листа на исплатени плати во тој период.

Од страна на Министерството за надворешни работи доставен е допис со бараните податоци и информации од каде може да се констатира дека:

На ден 14.06.2021 година врз основа на член 68 од Законот за надворешни работи („Сл. Весник на РМ" број 46/06, 107/08...226/15) склучена е Спогодба за заедничка соработка помеѓу Министерството за надворешни работи и Министерството за економија, заведена со број 04-17507/21-1, а со која се утврдени односите на заедничката соработка помеѓу двете

министерства во врска со упатувањето на вработени од министерството за економија во дипломатско-конзуларните претставништва на РСМ во странство (ДКП).

Во оваа Спогодба, во член 2, уредено е дека вработените од министерството за економија распоредени на работните места државен советник и раководител на сектор ќе може да бидат упатени на работа во ДКП-та на РСМ во странство во дипломатско звање советник. Понатаму, во истиот член уредено е дека вработените во министерството за економија распоредени на работните места помошник раководител на сектор и раководител на одделение, ќе може бидат да упатени со дипломатско звање прв секретар, додека вработените на пониските работни позиции ќе може да бидат упатени со дипломатски звање втор секретар.

По ова, на ден 06.07.2022 година склучен е Анекс 1 кон наведената Спогодба заведен со број 07-21435/22-2, со која се врши измена на членот 2 став 4 на истата и се уредува дека вработените во министерството за економија распоредени на работните места советник, виш соработник, соработник и помлад соработник ќе бидат упатени на работа во ДКП-та на РСМ во странство во дипломатско звање од групата секретарски звања, со што се проширува рамката на можност за упатување на вработените од пониските работни позиции, до позицијата помлад соработник, да може да бидат упатени во дипломатско звање прв секретар.

Направена е уште една измена на посочената Спогодба, на ден 24.04.2023 година кога бил склучен Анекс 2 со број 04-12167/23-1 кон истата спогодба со која се врши додавање на на одредбите од член 68-а од Законот за надворешни работи, а членот 4 се брише.

Од увид во доставената документација ДКСК утврди дека на ден 04.04.2023 година Министерството за економија доставува Барање до Министерството за надворешни работи, каде повикувајќи се на споменатата Спогодба, како и врз основа на донесена Одлука со број 04-----/1 од 24.03.2023 година за упатување на службеник во Амбасадата на РСМ со седиште во Брисел, со надлежност на земјите од Бенелукс, бара да се изработи Решение за упатување на ------------- во дипломатско звање прв секретар, со мандат од три години.

Од увид во споменатата Одлука со број 04-----/1 од 24.03.2023 година за упатување на службеник во Амбасадата на РСМ со седиште во Брисел, со надлежност на земјите од Бенелукс може да се утврди дека на ден 16.03.2023 година на веб страната на Министерството за економија бил објавен Интерен конкурс за упатување на службеник во Амбасадата на РСМ во Брисел и по спроведена постапка лицето ------------ бил избран во дипломатско звање прв секретар, а по што на ден 26.04.2023 година Министерството за надворешни работи донело Решение за упатување заведено со број 04---------/23-3.

Заради утврдување на фактичката состојба во врска со наведеното ДКСК достави Барање за обезбедување на информации до Министерството за економија со кое ја побара

целокупната документација за вработувањето односно ангажирањето на лицето --------------- во Министерството за економија, како и документација за негово унапредување доколку била спроведена постапка за негово унапредување, а исто така беше побарана и целокупната документација во врска со објавениот Интерен конкурс за упатување на службеник во Амбасадата на РСМ во Брисел, како резултат на која постапка била донесена Одлука со која бил избран кандидатот --------------.

Министерството за економија ја достави бараната документација од која може да се констатира дека:

По објавен јавен оглас со број --/2022 година за вработување на административен службеник на работното место помлад соработник за мониторинг и следење на договорите за концесии за геолошки истражувања на минерални суровини во Одделение за мониторинг и следење на договорите за концесии за геолошки истражувања на минерални суровини, а по спроведека постапка за селекција за вработување, на ден 16.05.2022 година донесена е Одлука за избор на лицето ------------- и Решение за вработување, распоредување и определување на плата на вработениот -----------------.

Во врска со доставената документација од спроведениот Интерен конкурс за пополнување на работно место дипломатско звање од групата на секретарски звања во Амбасадата на РСМ со седиште во Брисел може да се констарира следното:

- на ден 16.03.2023 година бил објавен Интерен конкурс,

- било донесено Решение за формирање на Комисија за спроведување на постапката,

- вработениот -------------- на ден 17.03.2023 година ја поднел бараната документација од Интерниот Конкурс,

- на ден 22.03.2023 година бил изготвен Записник од работата на Комисијата за спроведување на постапката, од каде може да се утврди дека бил пријавен еден кандидат – ------------- со кој било спроведено интервју и по кое е составена Ранг листа со сумирани резултати од интервјуто на кандидатот.

По ова, била доставена Предлог листа за избор од страна на Комисијата формирана за таа намена и била донесена горе спомenатата Одлука за упатување заведена со број 04------/1 од 24.03.2023 година, по што,како што е веќе образложено погоре, било доставено Барање до Министерството за надворешни работи за да биде изработено Решение за упатување на ----------- во дипломатско звање прв секретар.

Од страна на Министерството за економија доставена е и информација дека нема спроведено постапка за унапредување на административниот службеник ------------.

Врз основа на горенаведеното, ДКСК констатира дека во случајот нема законски прекршувања при спроведената постапка за изборот на лицето ------------ за економски промотор во Хаг, Холандија во 2017 година ниту пак во постапката за негово назначување

за прв секретар во Амбасадата на РСМ со седиште во Брисел, со надлежност на земјите од Бенелукс во 2023 година, но, ДКСК утврди слабост во донесените законски и подзаконски акти при овозможувањето на тоа лица вработени во јавниот сектор на пониски работни позиции да може да бидат упатени во ДКП-та на РСМ со звање прв секретар, која позиција бара поголемо искуство и стекнато знаење за вработениот пред да биде упатен на извршување на работните задачи во ДКП-та на РСМ.

Поради ова, а заради утврени слабости во примената на членот 68 од Законот за надворешни работи како и одредбите од склучената Спогодба за заедничка соработка помеѓу Министерството за надворешни работи и Министерството за економија и нејзините измени – Анекс 1 и Анекс 2, ДКСК ќе изврши антикорупциска проверка и за констатираното да биде изработен Извештај.

2. На состанок на колегиум на ден 06.11.2023 година донесен е заклучок за делот од наводите во предметот кои се однесуваат за изградбата на мала хидроелектрана во сопственост на ---------------, во кичевскиот регион да биде оформен нов предмет и истиот да биде заведен во архивата на ДКСК.

3. Во врска со наводите од медиумите врз основа на кој е оформен овој предмет, а кои се однесуваат на тоа дека фирми во сопственост на ---------- и ------------- добивале државна помош без почитување на законската постапка, ДКСК упати барање за доставување на податоци и информации за исплатена добиена државна помош на фирмите -------- и ----------- чиј сопственик е ------------, во периодот од 2020 година па до денот на приемот на барањето, до следните институции:

- Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,
- Комисијата за заштита на конкуренцијата,
- Владата на РСМ,
- Фонд за иновации и технолошки развој.

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој достави одговор во кој е наведено дека Агенцијата не располага со податоци за наведените правни субјекти, односно дека не била извршена исплата на финансиска поддршка, ниту пак имала спроведено постапки за одобрување во наведениот период.

Комисијата за заштита на конкуренцијата ја извести ДКСК дека нема донесено решенија за планирано доделување на државна помош согласно Законот за контрола на државната помош во наведениот период.

Владата на РСМ достави одговор во кој е наведено дека по координација со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, доставено било известување дека немаат склучени договори со наведените фирми.

Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР) достави одговор заедно со прилог документација каде е наведено дека компаниите ---------- и ------------ имале аплицирано на јавен конкурс објавен од страна на ФИТР и за истите Комитетот за одобрување на инвестициите била донесена позитивна одлука за добивање на финансиски средства.

Имено, на објавениот јавен конкурс за финансирање под инструментот поддршка „Кофинансирани грантови за технолишки развој за забрзан економски раст" компанијата -------------- аплицирала со проектот „-------------------", додека фирмата -------------- аплицирала со проектот „---------------------".

Постапувајќи согласно член 17 од Правилникот за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст (во понатамошниот текст: Правилникот), предлог проектите на ден 05.08.2022 година ја поминале фазата на предселекција, односно ги добиле потребните поени од страна на стручните лица и преминале во фазата на селекција.

Согласно член 18 од Правилникот, Комитетот за одобрување на инвестициите ги селектирал наведените проекти и за истите била направена административна проверка од страна на Комисијата за административна проверка, по што било утврдено дека предлог проектите ги исполнуваат критериумите за подобност утврдени во член 19 од Правилникот.

Врз основа на член 31 од Законот за иновациска дејност и член 20 од Правилникот, на ден 23.11.2022 година, Комитетот за одобрување на инвестиции, како единствен надлежен орган за донесување на конечна одлука за финансирање, донел позитивна одлука за наведените предлог проекти.

На ден 14.12.2022 година, ФИТР склучил Договор за доделување а финансиски средства со ----------------- за проектот, кој бил со важност од 18 месеци со планиран почеток од 01.01.2023 година до 30.06.2024 година.

По ова, повикувајќи се на член 26 од Правилникот, корисникот на ден 26.01.2023 година, до Комитетот за одобрување на инвестициите доставил барање за промени во проектниот тим, буџетот на проектот и времетраењето на проектот и за истото добил одобрување на седницата одржана на ден 03.03.2023 година.

По одобрените измени, вкупното времетраење на проектот се скратило, по што проектот било предвидено да се реализира во периодот од 01.01.2023 до 30.06.2023 година. Односно, наместо првично предвидениот рок од 18 месеци (шест квартали), периодот на реализација се скратил на 6 месеци (два квартали).

Во врска со реализацијата на проектот, корисникот на ден 14.04.2023 година доставил со ФИТР квартален извештај за напредок на првиот квартал, почитувајќи го рокот

од 14 дена по завршување на кварталот, пропишан во член 29 од Правилникот, кој во моментот на доставување на одговорот од ФИТР бил во фаза на разгледување и одобрување од страна на независната ревизорска куќа „----------------" ДООЕЛ.

Согласно член 29 од Правилникот корисникот бил должен да достави и завршен извештај во рок од 60 дена од завршување на проектот. Рокот за доставување на извештајот за овој проект бил заклично со ден 29.08.2023 година, а истиот бил доставен со задоцнување од 24 дена, односно на ден 22.09.2023 година.

ФИТР во одговорот наведува дека од причина што кварталниот извештај за напредок за првиот квартал се уште не бил одобрен, завршниот извештај не бил предаден на разгледување.

Исплатата на средствата која е уредена во член 22 од Правилникот, се извршувала авансно, на квартална основа, во согласност со буџетот на проектот.

Обрската за уплата на ФИТР согласно ревидираниот буџет на проектот изнесувала околу 2.000.000,00 денари, а до моментот на доставување на одговорот од ФИТР биле исплатени околу 1.800.000,00 денари. Останатиот дел од кофинансирањето на ФИТР претставувал задржан износ од 3% од вкупниот буџет на проектот кој согласно член 22 алинеја 7 од Правилникот се исплаќал по одобрување на завршниот извештај.

Дополнително е наведено дека пред одобрување на завршниот извештај согласно член 30 од Правилникот, ФИТР бил должен да изврши теренска посета со цел утврдување на реализацијата на проектните активности.

Што се однесува на доделените финансиски средства на компанијата -------------------, од доставената документација ДКСК констатира дека на ден 20.12.2022 година ФИТР склучил договор за доделување на финансиски средства со спомenатата компанија.

Согласно договорот за претходнонаведениот проект, рокот на реализација на проектот бил со важност од 18 месеци, со почеток од 01.01.2023 година до 30.06.2024 година.

Корисникот и за овој проект како и за претходниот доставил Барање до Комитетот на ден 24.01.2023 година за промена во проектниот тим, буџетот и времетраење на проектот и за истото добил одобрување на истата седница како за претходниот проект, одржана на ден 03.03.2023 година.

Исто како и за претходниот проект, по добивањето на одбрението, рокот за реализација на проектот се скратил и по овие измени бил со важност од 01.01.2023 до 30.06.2023 година.

Корисникот доставил до ФИТР квартален извештај за напредок за првиот квартал на ден 11.04.2023 година, и истиот во моментот на доставувањето на одговорот, бил во фаза на разгледување и одобрување од страна на ревизорската куќа „-------------------" ДООЕЛ.

Но, согласно член 29 од Правилникот, корисникот е должен да достави и завршен извештај во рок од 60 дена од завршувањето на проектот. Рокот за достава на истиот по овој одобрен проект бил заклучно со ден 29.08.2023 година, а корисникот до моментот на подготвување на одговорот од ФИТР сеуште го немал доставено.

Како и во претходниот случај, исплатата на средствата која е уредена во член 22 од Правилникот, се извршувала авансно, на квартална основа во согласност со буџетот на проектот, по што обврската за уплата од страна на ФИТР за овој проект изнесувала околу 3.000.000,00 денари, а до моментот на доставување на одговорот ФИТР имал исплатено околу 2.200.000,00 денари. Останатиот дел од кофинансирањето требало да се исплати по исполнување на условите предвидени во член 22 алинеја 6 од Правилникот, односно по одобрувањето на кварталниот извештај за напредок за претходниот квартал, исполнување на условот за наменски потрошени најмалку 70% од претходно буџетираните средства како и по доставувањето на доказ за извршена уплата на сопствено кофинансирање за наредниот квартален период.

Во прилог на известувањето беше доставен Правилникот за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст, заведен со број 01-2410/5 од 30.12.2020 година, копија од објавениот јавен оглас и прилог документација од апликацијата на проектите.

Од увид во објавениот јавен повик може да се утврди дека истиот бил објавен со утврдено времетраење на проектите од 18 месеци и за кој повик биле обезбедени вкупно 6.000.000,00 евра.

Буџетот на одобрените два проекти, на наведените компании во сопственост на ------------ изнесува вкупно 5.000.000,00 денари.

Од причина што и покрај анализата на доставената документација, ДКСК имаше потреба од дообјаснување на одредени околности во врска со овие проекти, на ден 17.01.2024 година во просториите на ФИТР се одржа работна средба по која беа побарани да биде доставена дополнителна документација, а при увид во која која ДКСК го констатира следното:

- на посочениот јавен конкурс аплицирале вкупно 346 апликанти, фазата на предселекција ја поминале 309 апликации, а фазата на селекција ја поминале вкупно 115 предлог проекти. Во доставениот одговор не е наведено дали и други апликации поднесени по овој јавен повик ја поминале последната фаза од селекцијата и им биле одобрени средства.

- заради утврденото дека на овие два проекти од компаниите -------------- и --------------- им било овозможено по склучувањето на договорите да извршат промени покрај во проектниот тим и буџет, да извршат промени и во времетраењето на проектите, ДКСК

побара образложение од ФИТР во врска со законската регулатива за овозможувањето на овие две компании да го скратат времето на реализација на проектите.

Во дадениот одговор наведено е дека истото било уредено и овозможено согласно член 26 став 3 од Правилникот, меѓутоа ДКСК констатира дека посочената одредба се однесува на промени во проектната апликација, промени во планот на активности, клучните луѓе во проектот и буџетот на проектот, но не и за времетраењето на проектот. Токму за времетраењето на проектот во истиот Правилник во членот 6 е уредена постапка каде единствено се овозможува продолжување на рокот односно времетраењето на реализацијата на проектот, а за кое треба да се добие одобрување врз основа на поднесено барање од страна на корисникот.

Исто така ДКСК од доставеното образложение од ФИТР доби информација дека ова не е единствен случај на овозможување на вакво кратење на времетраењето на проектите, туку дека тоа се повторило во повеќе наврати, со други инструменти на кофинансирани грантови.

- при увид во доставената документација од фазата на административна проверка се утврди дека не сите членови на комисијата за проверка се потпишани на образецот за одобрување, односно недостасува потпис од еден член, поради што беше побарано образложение за причините за истото и за законската можност за истото.

Во одговорот се повикувајќи се на член 19 од Правилникот образложено е дека Директорот на ФИТР формира комисија за административна проверка, а која се состои од најмалку двајца членови вработени / ангажирани во ФИТР, па оттаму се толкува дека доволни се два потписи на обрасците одобрување при проверката.

- во доставеното образложение од ФИТР беше наведено дека потребните два завршни извештаи, за секој одобрен проект поединечно, кои било потребно овие компании да го достават заклучно со 29.08.2023 година, доставен бил само еден извештај, од компанијата -------------- и тоа со задоцнување од 24 дена, додека завршниот извештај од одобрениот проект на компанијата -------------- сеуште не бил доставен.

Во врска со ова, ДКСК утврди дека корисникот не ги почитувал одредбите од склучените договори во кои јасно е наведено дека е обврзан да ги доставува сите предвидени извештаи во определен рок, а ФИТР немал превземени никакви мерки за почитување на одредбите од истите.

Исто така, ФИТР извести дека не извршила ниту една теренска проверка, односно известија дека истата било планирано да биде направена по доставувањето на завршните извештаи, иако според член 30 од Правилникот, ФИТР има можност за вршење на повеќе проверки во текот на реализацијата на проектите.

ДКСК исто така констатира дека во моментот на одобрување на овие проекти немало активна Стратегија за иновации, односно Стратегијата за иновации (2012-2020) која

на предлог на Министерството за образование ја носи Владата на РСМ, била со помината важност, а во меѓувреме била донесена нова Стратегија за иновации која било предвидено да биде во важност во периодот 2024-2027 и која ја заменила претходната Стратегијата за иновации (2012-2020).

Односно, дека овој јавен конкурс за кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст бил објавен во рамките на мерките од Планот за економски раст на Владата на РСМ – Столб 3, чијшто носител бил Фондот за иновации и технолошки развој.

Од утврдената фактичка состојба, произлегува дека, постојат основани сомневања за несовесно работење на Членовите на Управниот одбор на Фонд за иновации и технолошки развој, Членовите на Комитетот за одобрување на инвестиции и на Директорот на Фонд за иновации и технолошки развој, заради неисполнување на обврските предвидени во Закон за иновациската дејност и за истото ДКСК одлучи да покрене **Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност** за Членовите на Управниот одбор на Фонд за иновации и технолошки развој, Членовите на Комитетот за одобрување на инвестиции како и постапка за утврдување на одговорност на Директорот на Фонд за иновации и технолошки развој, кои постапувале во периодот по објавениот јавен конкурс за кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст, на кој биле избрани двете компании опфатени во овој предмет.

Поради утврдени слабости во примената на одредби од Законот за иновациската дејност како и одредбите од Правилникот за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст, ДКСК ќе изврши антикорупциска проверка и за констатираното да биде изработен Извештај.

Исто така, ДКСК констатира дека во врска со горенаведеното за констатираните слабости во работењето на Фондот за иновации и технолошки развој ќе ги извести Државниот завод за ревизија и Министерството за образование и наука, како надлежни институции, заради преземање на понатамошни надлежни активности, а постапката што се води пред ДКСК да се запре.

Изработил: м-р К.З

Одобрил: Н.Б, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**